на уметноста, книжевноста и науките за време на Мехмеда, како и заставот на Мехмед II спрема Запад.

Квалитетите и ерудицијата на Бабингера дошле до полн израз во презентиранаата монографија. Бабингер со суптилна префинетост и вонредна минуциозност ја насликал епохата на Мехмед II. Затоа, неговата монографија, со право, може да се вброи во редот на крупните остварувања на полето на историографијата.

**Д. Д.**

## Струкова К. Л., К ИСТОРИИ НАЦИОНАЛЬНО-ОСЛОБОДИТЕЛЬНОЙ БОРЬБЫ БАЛКАНСКИХ НАРОДОВ ПРОТИВ ТУРЕЦКОГО ВЛАДЫЧЕСТВА ВО ВТОРИЙ ПОЛОВИНЕ 60-их ГОДОВ XIX ВЕКА.

Советское свлавяноведение Минск, 1969

Од 31 јануари до 3 февруари 1968 година, се одржала четвртата по ред научна конференција на историчарите слависти во Минск, што заедно ја организирале Министерството за више и средно специјално образование на СССР, Министерството за више и средно специјално образование на Белоруската ССР, Белорускиот државен универзитет В. И. Ленин и Институтот за славјановедение при Академијата на науките на СССР. Во споредба со порано одржаните три други конференции (првата во Москва 1962, втората во Киев 1963 и третата во Воронеж 1966), четвртава конференција во Минск ги надминала и по бројот на учесниците од СССР и од другите земји, како и по бројот на пријавените реферати, зашто на четвртата конференција присуствувале повеќе од 200 универзитетски наставници и научни соработници од 25 универзитети, потоа од 20 педагошки институти, една голема група на сотрудници од Институтот на славјановедение на СССР во Москва и од други научно-истражувачки установи. Како гостин од Југославија на оваа конференција учествувал доцентот на Љубљанскиот универзитет д-р Василиј Мелик.

Работата на IV-та конференција се одвивала во 5 секции и на пленумски седници. На пленумските седници биле разгледани успесите во развитокот на советското славјановедение, поспецијално биле претресени испитувањата на Институтот за славјановедение за последниве 50 години, како и учебникот за историјата на Јужните и Западните Словени што го издале украинските историчари. На седниците од петте секции биле прочитани: во секцијата за најнова историја 20 — реферати, во секцијата за понова историја 18, во секцијата за нова историја од втората половина на XIX век до почетокот на XX век 28, во секцијата од XVIII век до првата половина XIX век 11 и во секцијата за среден век 23, односно вкупно во сите секции 100 реферати и соопштенија. На југословенската проблематика се однесувале 17 реферати, од кои еден само и тоа делумно се однесувал на македонската проблематика. Тоа е соопштението на К. Л. Струкова под наслов: „Кон историјата на национал-ослободителната борба на балканските народи против турската власт во втората половина од 60-те години на XIX век“. Сите прочитани материјали на

IV-та конференција се отпечатени во еден зборник од 600 страници објавен во Минск 1969 година.

Немаме намера, ниту просторот на списанието ни дозволува да се осврнуваме на сите реферати и соопштенија отпечатени во овој зборник, а ќе се задржиме само со неколку збора на соопштението на К. Л. Струкова под горниот наслов.

Констатирајќи ја раздвиженоста на народите на Балканот во 60-те години од XIX век против турската власт, особено осврнувајќи се на настаните поврзани со Критското востание од 1866 година, Струкова си поставила за цел „опирајќи се на нови архивски материјали и истовремено ползувајќи ги податоците од литературата да ја пополни до извесна мера постојната празнина во одзивот на Критското востание на македонските територии". Со право Струкова тврди дека во Македонија „националниот притисок, произволот на локалните феудалци и турски чиновници, како и злоупотребите на крупното духовенство и зулумите на разбојничките банди се изразувале со особена сила" уште од порано, а на веста за првите успеси на критските востаници се јавил жив одзив во најјужните реони на Македонија т.е. јужно од линијата Лерин-Воден-Серез-Драма каде што македонското население живеело измешано со грчкото и сред кое дејствувале грчките хетеристи. Во таа смисла Струкова го регистрира безуспешниот премин од Грција во мај 1866 година на младиот политички деец Леонид Вулгарис со еден грст смели младинци со намера да го дигне серскиот крај на востание, потоа активноста во собирањето на доброволни прилози во Битолскиот и Солунскиот санџак и најпосле „заминувањето на приличен број млади луѓе од Битола, Серез и Солун на островот Крит". Би се очекувало да биде поконкретно забележано и со повеќе податоци учеството на херојот на Критското востание — Спиро Геров од Битола, чиешто име Струкова го споменува заедно со македонскиот војвода Христо Македонски во врска со настаните од 1868 година, т.е. во врска со акцијата на четата на Филип Тотју, каде Спиро заедно со 10 охриѓани зеле учество во четата на Филип, а Спиро загинал на Бузлуџа. Струкова споменува исто така и за народните песни што ги пееле младинците во Битола за подвизите на тогашните чети.

К. Л. Струкова го дава ехото на овие критски настани и во Србија, Бугарија и Романија, како и обидот на Македонецот Стојан Везенко од Крушово по иницијатива на српската влада да замине во Македонија и Албанија и да го искористи незадоволството на овие две соседни земји за борба против турската власт. Струкова констатира дека „српската влада ги засилила за агитација и другите жители на Македонија што дошле на печалба во Србија" без да ги споменува нивните имиња или видот на нивните акции.

Без оглед на малиот број податоци за ехото на Критското востание во Македонија, статијата на Струкова претставува придонес кон македонската историографија. Да се надеваме дека Струкова ќе има можност и понатаму да ни даде повеќе податоци од ризницата на богатите советски архиви за настаните и луѓето во Македонија од овој, па и од другите временски периоди.

**Љ. Л.**